This project is funded by the European Union

This project is implemented by

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

МЗМП

# АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИ ОД ОБУКИ И АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ОБУКИ ЗА СУДСТВОТО И ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА, ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ И ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР

**М-р. Светлана Црвенковска**

**Доц. д-р.Ирена Бојаџиевска**

**Октомври 2023**

# СОДРЖИНА


1. **ВОВЕД** ........ 4

2. **ЦЕЛИ НА АПО** ........ 5

3. **МЕТОДОЛОГИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АПО** ........ 5

***Спроведување на интервјуа*** ........ *6*

***Прашања за АСЈО:*** ........ *6*

***Прашања за АЗЛП:*** ........ *7*

***Прашања за претставниците од праводусните органи и вработените во Секторот за дигитална форенизика и компјутерски криминал*** ........ *7*

***Анализа на содржина на релевантни документи*** ........ *8*

***Временска рамка за изработка на АПО*** ........ *8*

**4. ЦЕЛНА ГРУПА НА АПО** ........ 9

***1. Кандидати за судии и јавни обвинители - слушатели на почетната обука при АСЈО*** ........ *9*

***2. Судии и јавни обвинители*** ........ *9*

***3. Вработени во МВР во Секторот за дигитална форензика и компјутерски криминал*** ........ *10*

***4. Вработени во правосудните стручни служби кои внесуваат или обработуваат лични податоци*** ........ *10*

**5. НАОДИ ОД АПО** ........ 10

***Општи наоди*** ........ *10*

***а) АСЈО*** ........ *11*

***б) АЗЛП*** ........ *13*

***в) ХЕЛП - Совет на Европа*** ........ *13*

***г) ДКАФ - Женевски центар за управување со безбедносниот сектор*** ........ *14*

***д) ЕЈТН - Европска мрежа за обуки во правосудството*** ........ *14*

***Специфични наоди*** ........ *15*

**6. ПРЕПОРАКИ** ........ 29

***Препораки наменети за АСЈО*** ........ *29*

**10. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ОБУКА ЗА СУДСТВОТО И ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА, ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ И ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР** ........ 32

**ИЗВОРИ** ........ 36

## АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| АЗЛП | Агенција за зашита на лични податоци |
| АПО | Анализа на потреби од обука |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| ГДПР | Опша регулатива за заштита на податоци (Европска Унија) |
| ДКАФ | Женевски центар за управување со безбедносниот сектор |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕЈТН | Европска мрежа за обуки во правосудството |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европскиот суд за човекови права (Совет на Европа) |
| ЕСП | Европскиот суд на правдата (Европска Унија) |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ХЕЛП | Европска програма на Советот на Европа за образование на тема човекови права за правни професионалци |

*Оваа анализа е изработена во рамките на проектот „Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн-просторот", финансиран од Европската унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската унија.*

# 1. ВОВЕД

Модерното време и високо развиената информатичка технологија не доаѓаат со ниска цена. Се почесто сме сведоци на злоупотреба на личните податоци, но и повреда на приватноста на луѓето во онлајн просторот/дигиталниот свет. Државата е таа која треба да воспостави законска и институционална рамка за да ги заштити граѓаните, институциите и сите останати кои се под нејзина јурисдикција, од повреди од ваков вид.

Па така, правото на приватност, вклучително и заштитата на личните податоци, е загрантирано со член 25 од Уставот на РСМ. За заштита на личните податоци државата има донесено и посебен Закон кој ги пресликува најважните принципи од оваа област воспоставени со клучни меѓународни акти за кои ќе стане подолу збор. Согласно Законот, е воспоставена и Агенција за заштита на личните податоци, чии надлежности и улога ќе бидат дополнително обработени во продолжение на анализата. Понатаму, правото на приватност, наоѓа своја заштита во меѓународните инструменти усвоени од страна на Советот на Европа и ратификувани од страна на РСМ како земја член на Советот. Секако тука најмногу се мисли на ЕКЧП како еден од најважните меѓуародни документи кои РСМ ги има ратификувано и инкорпорирано во своето законодавство. Членот 8 од Конвенцијата го гарантира правото на личен и семеен живот, неповредливоста на домот и преписката, а праксата на ЕСЧП има директна примена во нашиот систем. Дополнително, Советот на Европа ја има усвоена, а РСМ ја има ратификувано Конвенцијата за заштита на индивидуи во однос на автоматска обработка на личните податоци позната уште како Конвенција 108. Од друга страна го имаме и правото на ЕУ, вклучително ГДПР (General Data Protection Regulation[1]) и Повелбата за човековите права како основни документи во кои се заштитува правото на приватност и личните податоци.

Правосудниот систем, кој се грижи за доследна примена на законската рамка и почитување на правата на физичките и правни лица, мора да е исто спремен да одговори на предизвиците на модерното време. Главната улога во правосудниот систем ја имаат судиите и јавните обвинители кои постапуваат во предмети каде како основно правно прашање се појавува злоупотребата/повредата на приватноста и личните податоци, со посебен фокус на пријави по повреди сторени во онлајн просторот. Нивната стручна подготвеност и доброто познавање на релевантната законска и институционална рамка е од особено значење за постапување во ваков вид на предмети. Она што секако не треба да се исклучи е

[1] Повеќе за европската регулатива: General Data Protection Regulation

почитување на личните податоци и приватноста на сите вклучени страни во постапката и во текот на постапувањето по истите предмети пред судовите и јавните обвинителства (објавување на пресуди, анонимизирање на пресудите, соопштенија за предмети објавени на веб страните на институциите итн.).

Оваа анализа е подготвена во рамки на проектот „Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн-просторот“, финансиран од Европската унија, а имплементиран од Центарот за правни истражувања и анализи и Македонско здружение на млади правници. Една од целите на проектот е подобрување на знаењата и вештините на сегашните и идните генерации на судии и јавни обвинители за заштита на правото на приватност и лични податоци во согласност со меѓународните стандарди.

## 2. ЦЕЛИ НА АПО

Целта на изработката на оваа Анализа за потреби од обуки (АПО) е утврдување на реалната слика за познавањата на судиите и јавните обвинители кои ги имаат на темата заштита на лични податоци, особено од аспект на постапување во предмети каде ова е основното правно прашање, и утврдување на потребата за основна/дополнителна обука на оваа тема.

Притоа, крајната цел е зајакнување на капацитетите на судството и јавното обвинителство во ефикасна заштита на приватноста на граѓаните, како и другите права и основно слободи засегнати од новите технологии во дигиталниот простор во согласност со правото и стандардите на ЕУ. Во оваа насока, по изготвувањето на оваа анализа ќе се утврди и подготви акционен план за обуки во судството и јавното обвинителство кои ќе помогнат во зајакнувањето на капацитетите на овие институции при постапување во предмети на веќе споменатата тема. Овој акционен план и предлог обуки, преку соработка со АСЈО, ќе се инкорпорираат во програмата на Академијата.

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АПО

Во изработката на оваа АПО, учествуваа правен и експерт на темата заштита на лични податоци. Експертите користеа комбинација на квалитативни методи со цел да се добие реален приказ за потребите од обука на тема заштита на лични податоци во правосудството.

### *Спроведување на интервјуа*

За потребите на оваа анализа беа спроведени интервјуа со претставници од АСЈО, Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП), судии и јавни обвинители[2], како и вработените од Секторот за дигитална форензика и компјтерски криминал при МВР, кои им помогнаа на експертите да ја осознаат вистинската слика за специфичните познавања на клучните институции во правосудниот систем на темата заштита на лични податоци и приватност во онлајн просторот. Интервјуата им овозможија на експертите, свесни за недостатоците на секој од овие квалитативни методи на собирање податоци, да ги надополнат празнините создадени од употребата на овие методи при изработката на оваа АПО.

Дополнително, податоци за спроведени курсеви од страна на ХЕЛП во нашата држава, на тема заштита на лични податоци и право на приватност, беа побарани, по пат на е-маил комуникација, од вработените во оваа програма во рамки на Советот на Европа.

*Напомена:* Одлката да се спроведе интервју со АСЈО, наместо да се испраќаат прашалници до сите избрани судии и јавни обвинителина на територијата на државата, што беше инцијална идеја, беше донесена од страна на експертите од практични причини. Пред се, АСЈО е одговорна за спроведување како за почетната обука наменета за новите слушатели, така и за континуираната обука наменета за веќе именувани судии и јавни обвинители, што ни беше показател (потврдено и од Директорката на Академијата по спроведеното интервју) дека тие имаат пристап до информациите кои ни се потребни. Дополнителна причина беше и временската рамка за изработка на оваа Анализа.

За време на интервјуата беа користени следните прашања:

### *Прашања за АСЈО:*

1. Дали до сега е организирана продлабочена обука на тема заштита на лични податоци и правото на приватност како дел од почетната обука за слушатели на Академијата (прашањето се однесува за сите генерации до сега)? Ако одговорот на претходното прашање е позитивен:
- Кој ја организираше обуката (Академијата самостојно или со домашен или странски партнер) ?
- Кои беа обучувачи ?
- Кои теми беа опфатени (на пример, дали само пракса на ЕСЧП, ЕУ *acquis*, нашето законодавство, итн.) ?

---

[2] Писма за интервјуа беа испратени до Основниот Кривичен Суд во Скопје, Јавното обвинителство на РСМ, Управниот суд и Секторот за дигитална форензика и компјтерски криминал при МВР

- Дали во евалуациите (доколку се направени) било посочено од учесниците на кои прашања од оваа тема би сакале дополнително предавање односно што останало неразјаснето?

2. Дали до сега биле организирани обуки на тема заштита на лични податоци и право на приватност како дел од континуираната обука? Ако одговорот на претходното прашање е позитивен:

- Кој ја организираше обуката (Академијата самостојно или со домашен или странски партнер)?
- Кои беа обучувачи?
- Структурата на присутните слушатели (колку судии, колку јавни обвинители, колку останати)?
- Кои теми беа опфатени (на пример, дали само пракса на ЕСЧП, ЕУ *acquis*, нашето законодавство итн.)?
- Дали во евалуациите (доколку се направени) било посочено од учесниците на кои прашања од оваа тема би сакале дополнително предавање односно што останало неразјаснето?

## *Прашања за АЗЛП:*

1. Дали Агенцијата постапува по поплаки од физички и правни лица за повреда на приватност/право на заштита на лични податоци од судовите и јавните обвинители, и други релевантни институции?
2. Дали правосудните органи следеле обуки на АЗЛП за обврските кога се јавуваат во улога на контролори?
3. Дали специјализирани обуки за заштита на личните податоци биле спроведени од страна на АЗЛП за слушатели на Академијата за судии и јавни обвинители или за веќе избрани судии и обвинители?
4. Дали се утврдени правни празнини во регулативата за заштита на личните податоци?
5. Дали е направен компендиум на оваа тема?
6. Постојат ли аспекти кои можат да се надополнат низ обуките?

## *Прашања за претставниците од праводусните органи и вработените во Секторот за дигитална форензика и компјутерски криминал*

Дел од прашањата беа поставени на секое од интервјуираните лица, а некои беа прилагодени соодветно на нивната функција:

1. Дали интервјуираното лице учествувало на обуки кои се однесувале на член 8 од ЕКЧП, ГДПР (ЕУ), или генерално правото на приватност и/или заштитата на лични податоци?
2. Дали обуките кои ги посетиле биле организирани од Академијата или од некој друг ентитет?

3. Што сметаат дека било најкорисно кај овие обуки? Дали нешто недостасувало кај овие обуки? Дали сметаат дека е подобро кога ги држат обуките странци или домашни експерти/правници?
4. Дали имаат искуство во работа со предмети каде имало злоупотреба на лични податоци? Доколку да, кои биле најголемите предизвици?
5. Дали имало предмети во кои имало можност да се искористи праксата на ЕСЧП? Дали во тој случај бил искористен тестот на пропорционалност при утврдување дали има повреда на личните податоци?
6. Дали било лесно да се утврди надомест на штета, доколку се утврдело дека има злоупотреба на личните податоци?
7. Дали покрај нивното знаење, сметаат дека има простор за дообука на овиее теми, на пример користење нови технологии, artificial inteligence итн?
8. Покрај нивното искуство и знаење, дали сметаат дека генерално (од аспект и на своите колеги) треба да се одржат обуки на темата право на приватност и заштита на лични податоци, од аспект кога има наводи за нивна повреда?
9. Дали секоја од институциите соодветно ги спроведува своите обврски при работа на предмети каде имало наводи за злоупотреба на личните податоци или повреда на правото на приватност и дали се запознаени со сите алатки кои им стојат на располагање?

### *Анализа на содржина на релевантни документи*

За потребите на оваа анализа беа анализирани голем број документи и акти, вклучително примарни и секундарни извори на домашното право, прописите поврзани со работењето на Академијата за судии и јавни обвинители, нејзината програма и годишни извештаи, како и меѓународни извори со посебен фокус на релевантното ЕУ *acquis*, праксата на Европскиот суд за човекови права на тема лични податоци и нивна заштита, како и правото на приватност и релевантната судска пракса на Судот на правдата на ЕУ за спроведување на Регулативата за заштита на личните податоци (GDPR).

### *Временска рамка за изработка на АПО*

Експертите ја изработија АПО во периодот од 1 мај до 30 септември 2023 година. Со тоа што интервјуата со клучните институции беа изработени во месец јуни 2023, а интервјуата со одбраните судии и јавни обвинители, беа спроведени во рамки на месец септември 2023. Анализата на релевантните документи, вклучително релевантната законска рамка, се вршеше во рамки на целиот период на изработување на АПО.

# 4. ЦЕЛНА ГРУПА НА АПО

Земајќи ги предвид целите на оваа анализа, важно е да се утврдат и целните групи за која би се организирале обуките од областа на заштита на личните податоци и приватноста во онлајн просторот. Целните групи можат да бидат поделени на три категории:

## 1. *Кандидати за судии и јавни обвинители - слушатели на почетната обука при АСЈО*

Во моментот десеттата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители (2022/2023) го извршуваат практичниот дел од почетната обука, што значи дека теоретската настава е завршена. Продлабочена обука на тема заштита на личните податоци и правото на приватност во онлајн просторот би било корисно за да се проверат нивните знаења на оваа тема, но и да се зајакнат нивните капацитети уште пред стапување во функција како судии или јавни обвинители. Тоа не значи дека оваа обука треба да ја слушаат само овие кандидати. Повеќе насоки ќе бидат дадени со акциониот план и препораките изведени од изработката на оваа анализа.

## 2. *Судии и јавни обвинители*

Главна целна група се веќе избраните судии и јавни обвинители кои работат на територијата на РСМ. Свесни дека е невозможно да се обучат сите, експертите ќе дадат свој предлог за тоа колку учесници и од кои институции би било добро да бидат обучени и да земат учество во планираните обуки. Но, за да се дојде до одредена бројка, која ќе биде вклучена во акциниот план, треба да се земат предвид следните податоци.

Во моментот, согласно податоците објавени за секој суд на Судскиот портал на РСМ[3], на територијата на државата работат 13 судии во Врховен суд на РСМ, 28 судии во Апелациониот суд во Скопје, 16 во Апелациониот суд во Битола, 11 во Апелациониот суд во Гостивар и 9 во Апелациониот суд во Штип. Додека пак во основните судови, избрани и моментално работат вкупно 296 судии. Во Управниот суд работат 27 судии а во Вишиот Управен суд 9 судии.

Од друга страна, согласно податоците објавени на веб страната на Јавното обвинителство на РСМ[4], во моментот, покрај Јавниот обвинител на РСМ, во републичкото обвинителство работат уште други 8 обинители. Во Вишото јавно обвинителство во Битола работат 3 обвинители, во Гостивар 4, во Скопје 11 и во Штип 4 обвинители. Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран

[3] Повеќе податоци за судовите и бројот на судии достапни на Судскиот портал на РСМ

[4] Повеќе податоци за јавните обвинителства и бројот на јавни обвинители достапни на веб страната на Јавното обвинителство на РСМ

криминал и корупција работат 14 обвинители. Додека пак во основните јавни обвинителства се вработени вкупно 125 обвинители.

### 3. *Вработени во МВР во Секторот за дигитална форензика и компјутерски криминал*

Секторот за дигитална форензика и компјутерски криминал е дел од Одделот за криминалистичко технички испитувања и вештачења како дел од Бирото за јавна безбедноста[5]. Од овој сектор предвидено е учество на 20 вработени на обуките кои ќе бидат спроведени во соработка со АСЈО.

### 4. *Вработени во правосудните стручни служби кои внесуваат или обработуваат лични податоци*

Доколку постои можност и соодветно финансирање пожелно е и судската и обвинителската стручна служба да посетат специјализирани обуки особено за надлежностите на правосудните органи кога се јавуваат во улога на контролори. Имено, овие органи собираат, чуваат и обработуваат големи количества лични податоци бидејќи водат разни регистри и уписници на странки во споровите, кривична евиденција, казнена евиденција и друго. Така што битно е да се утврдат јасни правила за обврските и начинот на кој овие податоци се чуваат, пристапот до нив, бришењето и други обврски од ЗЗЛП. Воедно, за службениците кои вршат анонимизација на пресудите ваквите обуки би биле од значење за воедначена пракса.

## 5. НАОДИ ОД АПО

### *Општи наоди*

Она што може да се изведе како генерален заклучок од спроведените интервјуа со клучните институции и анализата на релевантните документи е дека клучна улога во спроведување на обуки на новите генерации (основна обука), но и на веќе именувани судии и јавни обвинители (континуирана обука) има АСЈО. Следствено, наодите стекнати при изработката на оваа анализа се однесуваат во главно на спроведување обуки како дел од програмите донесени од страна на Академијата. Во оваа насока, мора да се напомене дека АСЈО спроведува обуки самостојно, но доста често и во соработка со домашни и странски партнери како Адвокатската комора, ОБСЕ, Советот на Европа (вклучително ХЕЛП), ДКАФ, ЕЈТН, ТАИЕКС итн., за што повеќе ќе стане збор во продолжението на оваа анализа.

[5] Повеќе за секторот за дигитална форензика и компјутерски криминал

### *а) АСЈО*

Земајќи ја предвид мисијата на АСЈО за унапредување на вештините и знаењата на чинителите од правосудниот систем, пред да се прејде кон анализа на специфичните наоди изведени од спроведеното интервју, а кои се однесуваат на спроведени обуки и советувања на темата заштита на лични податоци и правото на приватност, ќе се даде мал фокус на начинот на кој АСЈО ги спроведува општата и континуираната обука и нејзината улога во зајакнувањето на капацитетите на судиите и јавните обвинители, како и на судско обвинителската администрација.

#### *i) Функционирање и улога на АСЈО*

Визијата на АСЈО е преку почетната и континуирана обука да даде придонес во градење на европски профил на судии и јавни обвинители, но и на судско обвинителска администрација, со користење на модерни методи за усовршување на нивните знаења, при што, во континуитет ќе ги обезбедува сите потребни механизми и расположливи алатки со чија помош правото на ЕУ и меѓународното право ќе бидат лесно достапни за судиите и јавните обвинители во РСМ.

Согласно Законот за АСЈО, Академијата врши прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, односно организира и спроведува почетна обука на идните кандидати за судии и јавни обвиниели, организира континуирана обука за унапредување на стручноста на судиите и на јавните обвинители, организира континуирана обука на стручните служби во судството и во јавното обвинителство итн.[6] Програмите за обука ги утврдува Управниот одбор на АСЈО, а предлог програмата за работа на Академијата ја поднесува директорот на АСЈО кој впрочем учествува и во изготвување на сите програми за обука од надлежност на Академијата[7]. Покрај Управниот одбор и директорот, улога во спроведувањето на обуките има и Програмскиот совет при АСЈО. Овој Совет, ја утврдува предлог-програмата за почетна обука, предлог-програмите за континуирана (задолжителна и доброволна) обука, предлог-програмата за специјализирана обука на судиите поротници, судските службеници и други специјализирани програми, го следи реализирањето на програмите и нивната ефикасност и успешност, ги следи и обновува програмите за обука итн.[8]

#### *ii) Почетна обука*

Почетната обука за новите генерации на судии и јавни обвинители опфаќа примена на домашното законодавство, судиската и јавнообвинителската практика и етика, меѓународните и европските правни стандарди, човековите права,

---

[6] Член 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители (Службен весник бр. 129, 14 јуни 2023 година)
[7] Ibid, членови 11 и 16
[8] ibid, член 20

вештините на судиската и јавнообвинителската функција итн.[9] Програмата за почетна обука ја сочинуваат програмите за теоретска и практична настава. При определување на содржината на програмата за почетна обука особено внимание се води за изборот на предмети, наставните содржини и теми да бидат поврзани со надлежноста на судовите и јавните обвинителста со основна надлежност во кои кандидатите ќе бидат избрани. Она што е важно да се напомене е дека теоретската настава, како дел од почетната обука, се состои од предавања, поединечни и групни вежби, проектни активности, симулации на судења и други процесни дејствија, се со цел да се овозможи практично оспособување на слушателите за извршување на професијата.[10]

### *iii) Континуирана обука*

Што се однесува до континуираната обука, која може да биде задолжителна и доброволна, таа претставува стручно усовршување на теоретските и на практичните знаења и вештини заради стручно и ефикасно вршење на судиската и јавнообвинителската функција, пред се на стручните служби во судството и во јавното обвинителство.[11] Обврската за задолжителна континуирана обука на судиите и јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства се остварува во Академијата во зависност од нивниот судиски, односно обвинителски стаж. Општата програма врз основа на која се спроведува континуираната обука се усвојува од страна на Управниот одбор на АСЈО. Таа се изготвува по претходно анкетирање и анализа на мислењата и потребите на судиите, јавните обвинителства и другите корисници на услугите на АСЈО, а го спроведува Службата за стручно помошно-технички работи. Истовремено се консултираат и институциите претставени во Управниот одбор на АСЈО, правните факултети, професионалните комори и други релевантни институции. Општата програма се носи за време од две години, а врз основа на тоа се усвојуваат годишни или полугодишни планови за обуки. Интересен е фактот дека за претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства општата програма опфаќа, меѓудругото, и теми како заштита на личните податоци.[12] Континуираната обука се спроведува во форма на семинари, советувања, конференции, работилници, тркалезни маси, стручни расправи, студиски престои итн.[13]

Дополнително, новоизбраните судии и јавни обвинители се должни во годината во која се избрани да посетат интензивна континуирана обука, што се спроведува

---

[9] ibid, член 51

[10] Пречистен текст на Статутот на АСЈО, членови 55 и 57 (напомена: овој Статут е донесен согласно стариот Закон за АСЈО („Службен весник на РМ“ бр. 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018))

[11] Закон за АСЈО, цитиран погоре, член 61

[12] Статут на АСЈО, цитиран погоре, членови 64, 65 и 66

[13] ibid, член 69

врз основа на специјализирана програма за задолжителна континуирана обука усвоена од Управниот одбор на Академијата. Оваа програма содржи теми со кои се продлабочуваат знаењата на учесниците, но и се развиваат вештините потребни за извршување на судиската и јавнообвинителската функција. Овие теми вклучлуваат, кривично право, граѓанско право со трговско право, вклучувајќи и техники на изготвување и образлагање и правна аргументација на пресуди, обвиненија и други процесни акти, меѓународно право со посебен осврт на практиката на Европскиот суд за човекови права, право на ЕУ, судска психологија и психијатрија, етика, деловна култура и деонтологија, комуникациски вештини итн.[14]

### *б) АЗЛП*

Агенцијата е самостоен и независен државен орган, надлежен да врши надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на РСМ, како и заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци.[15] Агенцијата пред се, има надлежност за доследна примена на Законот за заштита на личните податоци, кој пак ја уредува заштитата на личните податоци и правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, а особено начелата поврзани со обработката на личните податоци, правата на субјектот на личните податоци, положбата на контролорот и обработувачот, преносот на личните податоци во други држави, основањето, статусот и надлежностите на Агенцијата за заштита на личните податоци, посебните операции на обработка на личните податоци, правните средства и одговорноста при обработката на личните податоците, супервизијата над заштита на личните податоци, како и прекршоците и прекршочната постапка во оваа област.[16]

Што се однесува до обуките, земајќи предвид дека АЗЛП има за цел сите оние кои обработуваат лични податоци да го прават тоа на легален и законит начин, врши и обуки за заштита на лични податоци. Но, се првично насочени кон офицерите за заштита на личните податоци и контролорите и обработувачите.

### *в) ХЕЛП - Совет на Европа*

ХЕЛП ги поддржува земјите-членки на Советот на Европа во спроведувањето на ЕКЧП на национално ниво, во согласност со Препораката на Комитетот на министри (2004), Декларацијата на Интерлакен од 2010 година, Декларацијата од Брајтон од 2012 година и декларацијата од Брисел од 2015 година. Активноста овозможува зајакнување на капацитетот на судиите, адвокатите и обвинителите

[14] ibid, член 67
[15] Повеќе за агенцијата за заштита на лични податоци
[16] Закон за заштита на личните податоци (Службен весник бр. 42/20)

во сите 46 земји-членки за примена на Конвенцијата во нивната секојдневна работа.[17] Во рамки на програмата развиени се повеќе од 20 курсеви на разни теми, меѓудругото, и на тема лични податоци и правото на приватност.

ХЕЛП курсот за заштита на лични податоци и правото на приватност нуди комплементарен курикулум кој ги покрива на интерактивен начин клучните концепти, правната рамка на Советот на Европа и на ЕУ, судската практика на ЕСЧП и ЕСП и специфични области на лични податоци. Постоечката судска практика на тема заштита на лични податоци и право на приватност вклучува теми како здравствен сектор, медиуми (традиционални и не-традиционални), развој на нови технологии ( на пр. GPS, дронови, CCTV итн.), е-комуникација и маркетинг, и надзор на работното место. Курсот примарно се однесува на правни професионалци како судии, јавни обвиниели, правници или стручни соработници.[18]

### *г) ДКАФ - Женевски центар за управување со безбедносниот сектор*

ДКАФ, кој има свое седиште и во Скопје, е посветен на тоа да ги направи државите и луѓето побезбедни преку поефективна и поодговорна безбедност и правда. Од 2000 година, Центарот ја олеснува, управува и обликува политиката и програмирањето на реформите во безбедносниот сектор низ целиот свет. Она што ДКАФ го обезбедува е помош  на државите партнери во развивањето закони, институции, политики и практики за подобрување на управувањето со нивниот безбедносен сектор преку инклузивни и партиципативни реформи засновани на меѓународни норми и добри практики. ДКАФ, меѓудругото, создава иновативни производи за знаење, промовира норми и добри практики и обезбедува правни и политички совети, го поддржува градењето на капацитетите на засегнатите страни на државата, граѓанското општество и приватниот сектор преку обезбедување пристап до независна експертиза и информации за управување и реформи во безбедносниот сектор.[19]

### *д) EJTH - Европска мрежа за обуки во правосудството*

EJTH е формирана во 2000 година и е главна платформа и промотор за обука и размена на знаења на европското правосудство. Областите на интерес на EJTH вклучуваат обука за граѓанско, кривично и трговско право на ЕУ и лингвистика и општествени прашања. Визијата на организацијата е да помогне да се поттикне заедничката правна и судска европска култура. EJTH исто така развива стандарди и наставни програми за обука, ја координира размената и програмите за обука за

---

[17] Повеќе за ХЕЛП и поддршката на земјите членки на Советот на Европа при спроведувањето на ЕКЧП
[18] ХЕЛП курс за заштита на лични податоци и правото на приватност
[19] Женевски центар за управување со безбедносниот сектор

судии, дисеминира експертиза за обуки и промовира соработка помеѓу институциите за судска обука на ЕУ.[20]

## *Специфични наоди*

### а) ACJO

По анализа на програмите за работа на Академијата од 2007 до 2023 година[21], од аспект на вклучување на темата заштита на лични податоци и правото на приватност, беа утврдени следните наоди. Уште од самиот почеток на функционирањето на Академијата (2007), се правеле одредени напори за оваа тема да се вклучи во годишните програми, особено за обука на веќе избраните судии и јавни обвинители, и тоа не само преку посветување на внимание на домашната регулатива, туку и на меѓународната правна рамка. Согласно информациите содржани во годишните програми се добива впечаток дека е потребен континуиран, конзистентен и посеопфатен пристап за вклучување на овие теми согласно новите законски уредувања кои ги следат предизвиците на модерното време. За полесен преглед на начините на кои било планирано да биде вклучена темата, во продолжение следи табеларен преглед на секоја од годишните програми (Табела 1).

| **Година на програмата** | **Содржина на Програмата** |
|---|---|
| 2007 | Согласно објавената програма, немало планирано обуки,советувања или дебати на тема заштита на лични податоци и право на приватност. |
| 2008 | Обука на темата заштита на податоци, како сегмент од правото на ЕУ, била предвидена во поглед на едукаторите на ACJO.[22] |
| 2009 | Како дел од континуираната обука, предвидени биле посебни програми за обуки (за годините 2009-2011) наменети за претседателите на судови и јавните обвинители на јавните обвинителства, кои ја вклучиле и темата на заштита на лични податоци. Од друга страна, биле предвидени обуки за Конвенцијата за заштита на лични податоци со анализа на компаративни и домашни искуства, како и на Законот за лични податоци, за судии и јавни обвинители во рамките на општите и специјализирани програми.[23] |
| 2010 | Согласно објавената програма, немало планирано |

[20] Европска мрежа за обуки во правосудството
[21] Повеќе за анализираните програми на ACJO
[22] Предлог програма за работа на ACJO за 2008 година, стр. 12
[23] Предлог програма за работа на ACJO за 2009 година, стр. 10-11

| | |
|---|---|
| | обуки,советувања или дебати на тема заштита на лични податоци и право на приватност. |
| 2011 | Согласно објавената програма, немало планирано обуки,советувања или дебати на тема заштита на лични податоци и право на приватност. |
| 2012 | Во рамки на континуираната обука било предвидено особено да се внимава да се реализирани доволен број обуки, меѓудругото и за заштита на личните податоци.[24] |
| 2013 | Во рамки на континуираната обука од особен интерес за целните групи (веќе избраните судии и јавни обвинители) било организирање обуки, меѓудругото, и за заштита на личните податоци. Дополнително, било испланирано одржување на обука за член 8 од ЕКЧП, како дел од системот за електронско учење.[25] |
| 2014 | Било предвидено одржување на обука за заштита на лични податоци која била од особен интерес за целните групи во рамки на континуираната обука.[26] |
| 2015/2016/2017 | Повторно се наведува дека како дел од континуираната обука, од особен интерес за целните групи се обуките за заштита на лични податоци но, се споменува дека би се спровеле во тесна соработка со Дирекцијата за заштита на податоци.[27] |
| 2018/2019 | Согласно објавената програма, немало планирано обуки,советувања или дебати на тема заштита на лични податоци и право на приватност. |
| 2020 | Во соработка со КПМГ, АСЈО планирала да ја продолжи соработката преку која се целело на организирање на семинари посветени, меѓудругото, на промените во областа на заштита на личните податоци. Исто така, било предвидени спроведување на две обуки на тема „Член 8 од ЕКЧП - Право на почитување на приватност и семеен живот„.[28] |
| 2021 | Согласно објавената програма, немало планирано обуки, советувања или дебати на тема заштита на лични податоци и право на приватност. |

[24] Програма за работа на АСЈО за 2012 година, стр. 10
[25] Програма за работа на АСЈО за 2013 година, стр. 14 и 20
[26] Програма за работа на АСЈО за 2014 година, стр. 14
[27] Програма за работа на АСЈО за 2015 година, стр. 11
Програма за работа на АСЈО за 2016 година. стр. 13
Програма за работа на АСЈО за 2017 година, стр. 11
[28] Програма за работа на АСЈО за 2020 година, стр. 18 и 21

| | |
|---|---|
| 2022 | Согласно објавената програма, немало планирано обуки, советувања или дебати на тема заштита на лични податоци и право на приватност. |
| 2023 | Согласно објавената програма, АСЈО планирала соработка со ДКАФ, меѓудругото во организирање на работилници проследени со дискусии со меѓунардони експерт на теми поврзани со важноста на правото на приватност. |

**Клучен наод од анализата на програмите е дека на темата заштита на лични податоци се гледа повеќе од технички аспект, односно повеќе од аспект на функционирањето и работата на судовите и јавните обвинителства како институции, отколку на тема за која се водат предмети во кои постојат сериозни прекршувања на правото на приватност и други поврзани човекови слободи и права**

Секако е важно да се штитат личните податоци и во рамки на функционирањето на правосудните институции, но недостасуваат повеќе суштински обуки и дебати кои ќе се однесуваат на тоа како да се препознае повреда на правото на приватност при злоупотреба на лични податоци, како да се применат најважните ратификувани меѓународни документи, тука вклучувајќи ја пред се ЕКЧП итн. Но, за ова повеќе подолу во делот на препораките и предлог програмите за обуките.

- *Почетна обука*

Анализата се фокусираше на последната Програма за почетна обука за годините 2022/23, во делот за теоретска настава за кандидатите за судии и јавни обвинители и податоците добиени од страна на Академијата.

Во воведот на Програмата, АСЈО истакнува дека планира во текот на почетната обука, меѓудругото, да посветува 1 час неделно на актуелни теми од правната област со гости предавачи со назив "Тема на неделата" со цел да поттикне стручна дебата и дискусија од областа на правната практика, и да вгради во програмата посебно обработени теми, придружени со прирачници, практични вежби и подетално подготвен материјал, за чие совладување кандидатите ќе бидат во состојба да се стекнат со бонус бодови од теоретската обука. Исто така, се планира и учество во ХЕЛП со обуки на различни правни теми, со чие успешно завршување и стекнување со сертификат на една или повеќе такви обуки, кандидатите ќе бидат

во состојба да се стекнат со бонус бодови од теоретската обука.[29] Конкретно, од аспект на темата заштита на лични податоци, во Програмата, Законот за заштита на лични податоци е вклучен како дел од литературата за темите Граѓанско право и Лингвистика на правото, а посебна точка за Заштита на лични податоци е вклучена за изучување во склоп на темата Кривично процесно право.[30]

Од друга страна, во делот на модулот за меѓународно право[31] предвидено е кандидатите да ги изучуваат најзначајните документи на ООН за заштита на човековите права, како и најзначајниот инструмент од системот на Советот на Европа, мислејќи на ЕКЧП. Правото на приватност е секако загарантирано со овие инструменти, но мора да се земе предвид дека кандидатите ќе ги изучуваат сите права и слободи гарантирани со овие документи заедно, без премногу време за подетална анализа не секое од загарантираните права. Она што е важно, е дека ќе се даде некоја основа за понатамошна продлабочена анализа и изучување на правото на приватност, особено загарантирано со членот 8 од ЕКЧП. Покрај текстовите на поважните меѓународни инструменти, вклучително и ЕКЧП, дел од литературата за кандидатите во овој дел е и Водич за правото на почитување на приватниот и семејниот живот загарантирано со член 8 од ЕКЧП од 2001 година и други книги за заштита на човековите права, кои може да им послужат на кандидатите да се запознаат и со општите правила и принципи важни за примена и заштита на правото на приватност, но и со праксата на ЕСЧП во овој дел.

Секако, дел од програмата е и правото на ЕУ[32], но она што може да се зебележи е дека не е стриктно наведено, изучувањето на Повелбата за основите права која е од огромна важност и со која, за разлика од ЕКЧП, се гарантираат и правото на приватност и заштитата на личните податоци. Од друга страна, Програмата става акцент на судската практика на ЕСП што дава можност на предавачите, меѓудругото, да одвојат простор за анализа на предмети од областите на кои се однесува оваа анализа.

Од податоците добиени од страна на АСЈО, може да се увиди дека Академијата самостојно веќе организирала продлабочена обука за кандидати од почетната обука на тема ЕСЧП и правото на почитување на приватниот и семејниот живот загарантирани со член 8 од ЕКЧП и за заштита на личните податоци со домашни обучувачи. Дополнително, како што може да се увиди во следната табела, за слушателите од осмата генерација организирани се и онлајн обуки од страна на ДКАФ на темите “Стандарди на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) за

[29] Програма за почетна обука во АСЈО “ Павел Шатев”, Теоретска настава 2022/2023 година, стр. 2
[30] ibid, стр. 15, 41 и 56
[31] ibid, стр. 62 - 64
[32] ibid, стр.68-72

посебни истражни мерки во контекст на правото на почитување на приватниот и семејниот живот" и "Правото на приватност и правично судење".

Важно е да се препознае трудот на АСЈО да обезбеди дополнителни обуки за слушателите на почетната обука од аспект на правото на приватност и одредени меѓународни стандарди. Но она што недостасува е сеопфатна обука на темата заштита на лични податоци и правото на приватност, која ќе се организира на соодветни временски интервали и за секоја нова генерација на слушатели, а фокусот нема да биде само на ЕКЧП, туку на целокупната домашна и меѓународна правна рамка, на институционалната рамка, и на сите инструменти кои стојат на располагање на судството и јавното обвинителство при работа на оваа тема.

- *Континуирана обука*

Од добиените податоци обезбедени од страна на АСЈО се утврди дека биле спроведувани обуки и советувања на тема заштита на лични податоци и правото на приватност.

Добиените податоци се однесуваат на периодот од 2013 до 2023 година (Табела 2).

| Тема на обуката /советувањето | | Организација | Целна група | Учесници | Датум на одржување | Коментари од евалуацијата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Заштита на лични податоци (советување) | АСЈО | Обуката е наменета за судии и јавни обвинители од сите апелациони подрачја и офицери за заштита на личните податоци | - 11 судии<br>- 4 јавни обвинители<br>- 12 службеници | 11.04.2013 | Предлози за други теми:<br>Изготвување правилници.<br>Секоја тема, проблем и останато што би помогнало за поефикасно спроведување на заштитата на лични податоци, како на пример, што се подразбира под бришење на лични податоци со конкретни примери. Исто така повеќе да се обрне внимание на функцијата офицер за заштита на лични податоци.<br>Други забелешки:<br>Повеќе практични ситуации, многу теорија. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Информатичари, офицери, судии и јавни обвинители заедно со претставници на Дирекцијата да извршат посета во странство за да разменат искуства во поглед на анонимизација на одлуки, заштита на информатички систем кој содржи лични податоци итн. |
| 2 | Заштита на лични податоци (советување) | ACJO | Обуката е наменета за лицата определени за офицери за заштита на личните податоци во судовите и обвинителствата во Република Македонија. | -3 јавни обинители<br><br>-17 службеници | 26.04.2013 | Предлози за идни обуки:<br><br>Готови обрасци за институциите (електронски или во хартиена форма)<br><br>Конкретна работа на судовите и обвинителствата за заштита на личните податоци.<br><br>За идни настани потребно е да се обрне повеќе внимание кон темата на новинарството, каде често се додаваат секакви вести со сите податоци на некое лице.<br><br>Други забелешки:<br><br>Темата е обемна, потребен е тренинг за да се обработат сите податоци, а потребни се и човечки ресурси.<br><br>Повеќедневни обуки – го зголемува активното учество на учесниците во обуките.<br><br>Погрешно избрани слушатели, треба повеќе информатичари.<br><br>Присутни да бидат и службеници при МВР. |
| 3 | Заштита на лични | ACJO | | - 6 судии | 18.09.2013 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | податоци (советување) | | | - 7 јавни обинители,<br><br>- 12службеници | | |
| 4 | Слобода на изразување и право на приватност / Праксата на Европскиот суд за човекови права (советување) | Совет на Европа | | - 26 судии | 23-24.09.2014 | |
| 5 | Слободата на изразување и правото на приватност (член 10 и член 8 од ЕКЧП) / Примена на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (советување) | ACJO | | - 18 судии<br><br>- 7 службеници | 26-27.01.2015 | |
| 6 | Слободата на изразување и правото на приватност (член 10 и член 8 од ЕКЧП) / Примена на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (советување) | ACJO | Советувањето е наменето за судиите од граѓанските оддели на судовите од апелационо подрачје Гостивар кои постапуваат во случаите на граѓанска одговорност за навреда и клевета. | - 18 судии<br><br>- 3 службеници | 28-29.01.2015 | |
| 7 | Слободата на изразување и правото на приватност (член 10 и член 8 од | ACJO | Советувањето е наменето за судиите од граѓанските оддели на судовите од | - 23 судии | 18-19.02.2015 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕКЧП) / Примена на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (советување) | | апелационо подрачје Штип кои постапуваат во случаите на граѓанска одговорност за навреда и клевета. | | | |
| 8 | Слободата на изразување и правото на приватност (член 10 и член 8 од ЕКЧП) / Примена на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (советување) | ACJO | | - 35 судии<br>- 3 службеници | 25-26.02.2015 | |
| 9 | Заштита на лични податоци / Слободен пристап до информации од јавен карактер (обука) | ACJO | Претседатели на судови | - 24 судии | 25.03.2015 | |
| 10 | Заштита на лични податоци / Слободен пристап до информации од јавен карактер (обука) | ACJO | Јавни обвинители на јавни обвинителства | - 3 судии<br>-15 јавни обвинители<br>- 1 службеник | 27.03.2015 | |
| 11 | Заштита на лични податоци и слободен пристап до информации од јавен карактер | ACJO | Советувањето се организира за офицерите за заштита на лични податоци и за лицата кои постапуваат по барањата за слободен пристап до информации од | - 1 судија<br>- 8 јавни обвинители<br>- 34службеници | 06.04.2015 | Забелешки<br>Конкретна примена на Законот за заштита на личните податоци. Предавањето содржеше апстрактни анализи на Законот.<br>Да се изготви пречистен текст. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | јавен карактер, од судовите и обвинителствата од сите апелациони подрачја. | | | Да се презентира повеќе- преку примери. |
| 12 | Примена на член 8 и 14 од Европската конвенција за човекови права (советување) | ОБСЕ | | - 7 судии<br>- 5 јавни обвинители<br>- 22службеници | 07.10.2015 | |
| 13 | Примена на Законот за заштита на лични податоци (советување) | АСЈО | Советувањето се организира за офицерите за заштита на лични податоци од обвинителствата од сите апелациони подрачја. | - 7 јавни обвинители<br>- 9 службеници | 11.02.2016 | |
| 14 | Примена на Законот за заштита на лични податоци (советување) | АСЈО | | - 20 службеници | 24.02.2016 | |
| 15 | Промоција на публикација „Прирачник за европското законодавство за заштита на лични податоци“ | ИРЗ | | - 16 судии<br>- 9 службеници<br>- 17 други | 06.05.2016 | |
| 16 | Примена на основни принципи на заштита на личните податоци во практиката во судовите | АСЈО | Советувањето се организира за офицерите за заштита на лични податоци од судовите. | - 16 службеници | 26.01.2017 | Забелешки и коментари:<br>Повеќе работилници и повеќе примери.<br>Да биде назначено лице – офицер кое исклучиво ќе работи на примена на основните принципи на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Улогата на офицерот за заштита на личните податоци согласно новата регулатива на ЕУ | | | | | примена на личните податоци на нивната заштита – како посебно работно место.<br><br>Предлози за идни обуки:<br><br>Заштита на лични податоци<br><br>Обука освен за регулативата да има можност за разгледување на практични проблеми и примена на обврските на офицерот. |
| 17 | Примена на основни принципи на заштита на личните податоци во практиката во јавните обвинителства<br><br>Улогата на офицерот за заштита на личните податоци согласно новата регулатива на ЕУ | ACJO | | - 23 службеници<br><br>- 2 други | 20.02.2017 | Предлози за идни обуки:<br><br>Злоупотреба на личните податоци преку facebook, начин и постапка за откривање на сторителот.<br><br>Организирање на повеќе семинари од ваков тип, дискутирање, учество во дебата и разменување на различни искуства. |
| 18 | Примена на основни принципи на заштита на личните податоци во праксата на јавните обвинителства и судовите (советување) | ACJO | Советувањето е наменето за судии на Виш управен суд и Управен суд, судии и јавни обвинители од сите апелациони подрачја и претставници на Министерството за правда | - 10 судии<br><br>- 1 јавен обвинител<br><br>- 5 службеници | 23.06.2017 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | Баланс помеѓу слобода на изразување и правото на приватност (советување) | Совет на Европа | | - 16 судии<br>- 3 службеници | 28-29.11.2017 | |
| 20 | Права за заштита на податоци и приватност (советување) | Адвокатска комора / Совет на Европа | | - 11 судии | 18.02.2020 | |
| 21 | Член 8 од ЕКЧП - право на почитување на приватниот и семејниот живот (онлајн обука) | ТАИЕКС | | - 35 судии<br>- 1 службеник | 19-20.10.2020 | |
| 22 | Најважните одлуки на Европскиот суд на правдата за управното судство - судска пракса од областа на заштита на личните податоци | EJTN | | - 13 судии | 27.10.2020 | |
| 23 | Новиот Закон за заштита на личните податоци | ACJO | Советувањето е наменето за офицерите за заштита на личните податоци од сите судови во РСМ. | - 3 судии<br>- 22 службеници<br>- 2 други | 31.03.2021 | |
| 24 | Заштитата на личните податоци наспроти | ACJO | Советувањето е наменето за офицерите за заштита на | - 1 судија | 01.12.2021 | Предлози за идни теми за обуки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | | личните податоци и за лицата кои постапуваат по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. | - 1 јавен обвинител<br><br>- 37службеници<br><br>- 5 други | | Усогласување на претходно воспоставениот систем на заштита на личните податоци во судовите (документацијата) со новиот Закон за заштита на личните податоци.<br><br>За заштитата на информациите, некои практични примери и појаснување што се подразбира под бришење на податоците од евиденцијата на личните податоци.<br><br>Усогласување на веќе воспоставениот систем на заштита на личните податоци во судовите со новиот Закон за заштита на личните податоци |
| 25 | Стандарди на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) за посебни истражни мерки во контекст на правото на почитување на приватниот и семејниот живот (онлајн обука) | ДКАФ | | - 59 слушатели на почетна обука | 09.05.2022 | |
| 26 | Право на приватност и правично судење (онлајн обука) | ДКАФ | | - 59 слушатели на почетна обука | 03.06.2022 | |
| 27 | Примена на одредбите од Законот за заштита на лични податоци во судското | ACJO | Советувањето е наменето за офицерите за заштита на личните податоци од сите судови во РСМ. | - 29 службеници | 11.11.2022 | Предлози за идни обуки:<br><br>Да се организира обука за составување на сите правилници/процедури согласно новиот Закон за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | работење (советување) | | | | | заштита на лични податоци |

Од годишните извештаи на АСЈО се утврди дека надвор од овие обуки организирани од 2013 година наваму, за кои добивме детални информации, во 2018 и 2022 година во соработка со Европскиот институт за јавна администрација (ЕИПА) биле спроведени обуки/советувања за заштита на личните податоци, без други детални информации.[33] Од истите извештаи, може да се увиди дека за заштита на лични податоци биле организирани обуки и советувања и пред 2013 година, но без подетални информации.

Она што може да се изведе како заклучок од добиените податоци презентирани во табелата е следното. Вкупен број на присутни слушатели на горенаведените обуки се 277 судии, 51 јавни обвинители, 285 стручни соработници, 26 претставници на други институции и 118 слушатели на почетна обука (осмата генерација). Најчеста целна групата на организираните обуки и советувања се офицерите за заштита на лични податоци во судовите и јавните обвинителства кои се задолжени за доследна примена на Законот за заштита на лични податоци. Факт е дека голем дел од обуките го вклучуваат членот 8 од ЕКЧП, правото на приватност и заштитата на личните податоци, но на многу мал дел од овие настани фокусот им е постапувањето на судиите и јавните обвинители во предмети каде имаме повреда на лични податоци, без разлика дали од страна на државата или приватни лица, и како тоа влијае на остварувањето на правото на приватност загарантирано не само со домашното право, туку и со голем број на меѓународни инструменти. Понатаму, клучен недостаток, согласно експертите, е неучеството на обуките организирани од надворешни партнери на АСЈО (Совет на Европа, ТАИЕКС итн), на слушателите на почетната обука кои и тоа како имаат што да научат и простор да го збогатат практичното познавање на овие теми.

### *б) АЗЛП*

Она што можеше да се заклучи од анализата на податоците достапни на експертите, е дека судиите и јавните обвинители се задолжени да ги почитуваат личните податоци на сите страни во постапката и мора задолжително да внимаваат на доследна примена на Законот за заштита на личните податоци, но не се примарна група за обуките кои ги обезбедува Агенцијата.

Воедно, од интервјуто спроведено во АЗЛП можеше да се заклучи дека нивната експертиза не е лесно достапна за специјализирани обуки за посебни таргет групи бидејќи стручните лица во АЗЛП се дефицитарен кадар кој во континуитет се намалува поради одлив, па така и оние обучувачи кои до сега од АЗЛП биле вклучени во обуките на АСЈО веќе не се дел од тимот. Тоа укажува на фактот дека

[33] Годишен извештај за работата на АСЈО од 2018 (стр. 20) и 2022 (стр. 28)

за сите видови обуки кои се секторски специјализирани како овие опфатени со АПО неопходно ќе биде да се бара надворешен експертски тим кој може да понуди обуки на овие теми.

*в) ХЕЛП*

Од одговорот на вработените во ХЕЛП при Советот на Европа, е констатирано дека што се однесува до курсот за заштита на лични податоци и правото на приватност, тој е организран два пати во РСМ. Двата пати овој курс е организиран во соработка со Адвокатската Комора на РСМ и на истиот, согласно податоците дадени од страна на ХЕЛП, присуствувале само адвокати. Од друга страна пак, од податоците обезбедени од страна на АСЈО, е констатирано дека учесници на една од обуките одржана во февруари 2020 година, биле 11 судии.

**Темата на заштита на лични податоци е подеднакво важна како за судиите така и за јавните обвинители, бидејќи е уредена и со кривичното, како и со граѓанското и управното право**

Без разлика на контрадикторноста во добиените информации, она што може да се заклучи е дека дури и да била посетена обуката од 11 судии, таа бројка е многу мала кога ќе се спореди со генералната бројка на избрани судии од сите судови во државата. Понатаму, забележливо е отсуството на јавни обвинители на оваа обука.

*г) Информации од спроведените интервјуа со преставници од правосудните органи и вработени во Секторот за дигитална форензика и компјутерски криминал при МВР*

Од интервјуто спроведено со судијата од Основниот Кривичен Суд во Скопје, се доби впечаток за тоа дека и како се потребни обуки на темата заштита на лични податоци и право на приватност, од аспект кога постојат наводи за повреда на овие права, и тоа на територија на целата држава. Судијата сметаше дека развојот на технологијата и предизвиците кои ги носи модерното време наметнуваат се поголема потреба за овие обуки. Таа до сега не посетувала обука на овие теми, но смета дека покрај општи информации за правната и институционалната рамка потребна е обука на специфични теми како движење на пари преку интернет, меѓународна соработка во кривична материја итн. Исто така, посочи дека од аспект на обучувачи, најдобро е да има комбинација на домашен експерт (кој ќе може да зборі од своето искуство при постапување во вакви предмети) и странски експерт (кој ќе сподели позитивни примери, искуства и модели на работа).

Од страна на јавниот обвинител (обвинители) беше укажана потребата од појасни насоки во нивното работење кога станува збор за прибирање електронски докази, чување на податоци екстрахирани од телефон, компјутер или друг уред, постапување со такви податоци, пристап, уништување по завршување на истрагата или процесот итн. Вакви и слични одговори треба освен преку GDPR да се добијат и од Директива (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци од страна на надлежните органи за целите на спречување, истрага, откривање или гонење на криминални прекршоци или извршување на кривични казни и за слободно движење на таквите податоци и укинување на Рамковната одлука на Советот 2008/977/ЈХА. Тој истакна дека и повеќе од јасно е дека потребни се обуки на овие теми, примена на механизмите за меѓународна правна помош и некои други технолошки аспекти. Исто така, поради ограничените ресурси беше истакнато дека постои потреба од Водич или збирка на релевантни пресуди кои би им помогнале за полесно процесирање на предметите каде има наводи за повреда на правото на приватност и злоупотреба на личните податоци.

Од Секторот за дигитална форензика и компјутерски криминал, кои имаат искуство и доста обуки на овие теми (организирани од ОБСЕ, Европол итн.), ја истакнаа потребата за постојано следење на новите трендови и збогатување на нивното знаење. Притоа ја истакнаа потребата за обуки на вработените во одделите за компјутерски криминал при локалните Сектори за внатрешни работи кои работат на терен и постапуваат, меѓудругото, и во предмети каде има наводи за повреда на правата од интерес на оваа анализа. Понатаму, посочија дека често добиваат наредби за екстрахирање на податоци од телефони и компјутери, но без детални насоки за тоа кој вид на податоци се од интерес на истрагата. Повеќе познавања од страна на обвинителите на оваа тема би било олеснување за работата на овој сектор, а тоа значи и побрзо процесуирање на предметите.

Следствено, може да се заклучи дека потребата од обуки на овие теми е неминовна и препознаена од клучните институции за заштита на физичките и правните лица од злоупотреби на, пред се, лични податоци, но и на правото на приватност генерално.

# 6. ПРЕПОРАКИ

### *Препораки наменети за АСЈО*

а) Од аспект на слушателите на почетната обука спроведена од АСЈО се препорачува:

- Продлабочена обука за заштита на лични податоци и правото на приватност, од аспект на постапување во предмети каде се повредени овие

права, да се организира за секоја генерација на слушатели на АСЈО и да се следи програмата (курикулумот) предложен во продолжение на овој документ.

- Согласно заложбата на АСЈО, да посветува 1 час неделно на актуелни теми (види страна 12), се предлага ангажман на предавачи без разлика дали од АЗЛП или судии и јавни обвинители со искуство во работа на предмети од областа на заштита на личните податоци, кои ќе разговараат со слушателите за новите предизвици кои ги носи развојот на технологијата (дронови, социјалните мрежи итн.) и како тоа се рефлектира на правото на приватност и заштитата на личните податоци.
- Поттик за учество и здобивање со сертификат на курсот од ХЕЛП кој се однесува на правото на приватност и заштитата на личните, што за слушателите би носело дополнителни бодови за теоретскиот дел од почетната обука.
- Да се даде можност на слушателите на почетната обука да бидат дел од обуките организирани како дел од континуираната обука, а се организирани од АСЈО во соработка со другите партнери и не се насочени кон точно одредена целна група.

б) Од аспект на веќе избраните судии и јавни обвинители, се препорачува:

- Обуки за заштита на лични податоци и правото на приватност во дигиталниот простор треба да се организираат во рамки на контунираната обука за судии и јавни обвинители на секои две години, по програмата предложена во продолжение на овој документ за да професионалците бидат постојано во тек со новите законски решенија и меѓународната пракса. Согласно наодите, споменати погоре во анализата, она што е важно е да се разработат и организираат обуки кои ќе им го продлабочат знаењето на судиите и јавните обвинители од аспект на постапување во предмети каде овие права се повредени во дигиталниот простор. Поточно, да се препознае повредата, да се реагира соодветно за да се ремедира она што е предизвикано од повредата, но и да се спречи понатамошна повреда на овие основни човекови права. Притоа, меѓудругото, потребен е фокус на правилна примена на тестот кој се применува од страна на ЕСЧП кога се разгледува наводна повреда на членот 8 од ЕКЧП. Секако, потребно е и да се применува соодветно праксата на ЕСЧП, особено од аспект на предмети каде била утврдена злопотреба на личните податоци, без разлика дали тоа било од страна на државата или приватни субјекти. Повеќе за целта, целните групи и интензитетот на обуките е содржано во акцискиот план кој е прикачен во продолжение на овој документ.

➔ Препораки наменети за судиите, јавните обвинители и стручните служби во судовите и јавните обвинителства

а) Во недостиг на средства за обуки кои АСЈО би ги организирала самостојно или во соработка со некој партнер, да се наметне обврска да се заврши курсот на ХЕЛП програмата (дел од Советот на Европа) кој се однесува на заштита на лични податоци и правото на приватност.

б) Следење на актуелни теми и предмети и иницирање на дебата при случаи на масовно и индивидуално нарушување на приватноста и злоупотреба на личните податоци (како во случајот со предметот "Јавна соба").

в) Следење на платформата Knowledge sharing, на ЕСЧП, каде се објавени ажурирани прирачници на сите теми кои произлегуваат од примената на ЕКЧП, вклучувајќи и прирачници за правото на приватност (https://ks.echr.coe.int/web/echr-ks/article-8#) и заштита на личните податоци (https://ks.echr.coe.int/web/echr-ks/data-protection).

г) Следење на развојот на нови технологии (дронови, CCTV, социјални мрежи итн.) кои се повеќе негативно влијаат на заштитата на личните податоци и ја нарушуваат приватноста на луѓето. Во овој сегмент, потребно е и подигнување на нивото на соработка и пред се споделување на знаење и искуства помеѓу јавните обвинителства и Секторот за дигитална форензика и компјутерски криминал при МВР, како и судовите со истиот сектор. Впрочем, важна е проактивноста, особено од оние судии и јавни обвинители кои работат на предмети во кои има прекршување на приватноста и личните податоци преку користење на нови технологии, кои би побарале од АСЈО да организира обуки кои би се фокусирале на овие теми.

→ Препораки кои се однесуваат на вработените од МВР

На обуките на тема заштита на лични податоци и право на приватност, потребно е вклучување и на вработените од Секторите за внатрешни работи особено од локалните СВР кои работат директно на терен и имаат потреба од продлабочени знаења на оваа тема.

## 10. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ОБУКА ЗА СУДСТВОТО И ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА, ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ И ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР

| Тема | | Целна група[34] | Број на учесници | Цели | Период | Обучувач/модератор | Обука |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Заштита на личните податоци и правото на приватност во дигиталниот простор со фокус на меѓународната правна рамка | Врховен Суд на РСМ и Јавното обвинителство на РСМ | Пожелно учество на сите судии од Врховен Суд на РСМ и сите обвинители од Јавното обвинителство на РСМ | -подигање на свеста за важноста при постапување во предмети каде се сторени повреди на личните податоци и приватноста и воедначување на праксата и пристапот при работа на овие предмети<br>-подобрување на знаењата на темата заштита на лични податоци и правото на приватност во дигиталниот простор со фокус на меѓународната правна рамка<br>-подигање на свеста за начините на кои користењето на новите технологии влијаат на овие права | крај на 2023 или почеток на 2024 (а потоа на секои две години) | Опција 1: домашен правен експерт со најмалку 15 години работно искуство во областа на заштита на лични податоци или поранешен судија во ЕСЧП<br>- искуство во држење обуки, со тоа што предност ќе имаат оние кои веќе претходно држеле обуки на правосудни институции<br>- предност ќе имаат оние кои имале интернационално искуство во областа преку учество во работни групи, подготовка на анализи и истражувања, поседува диплома од постдипломски или докторски студии на областа заштита на лични податоци<br>Опција 2: странски експерт со релевантно искуство на темата од најмалку 15 години или поранешен/сегашен судија на ЕСЧП или ЕСП | 1 ден (2 до 3 часа) советување/работна група во областа на заштита на лични податоци во дигиталниот простор – сесија за меѓународна правна рамка со фокус на јуриспруденцијата на ЕСЧП и ЕСП и нивна примена во домашното право<br>- дополнително, да се опфати сесијата за предизвиците кои ги носат новите технологии, вештачката интелегинција и алгоритми |

[34] Целните групи се формирани согласно поделбата која е направена од АСЈО за спроведување на општата програма за континуирана обука на судии и јавни обвинители (на пример како во https://jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2022/08/Opsta_programa_za_kontinuirana_obuka_2021-2022.pdf )

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2** | Заштита на личните податоци и правото на приватност - граѓански и кривичен аспект | -судии од апелациони те судови на РСМ<br>-јавни обвинители од Виши јавни обвинителс тва;<br>- судии од основни судови<br>- јавни обвинители од основни јавни обвинителс тва, вклучувајќи го Основното јавно обвинителс тво за гонење на организира н криминал и корупција | - минимум 4 судии од секој апелационен суд (минимум по 2 кои постапуваат во граѓанска и кривична материја)<br>минимум 4 јавни обвинители од секое вишо јавно обвинителство<br>- минимум 29 од основните судови (минимум 8 од основниот граѓански и кривичен суд во Скопје со минимум 1 од одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје)<br>минимум 12 јавни обвинители (минимум 1 д Основното јавно обвинителство за гонење на организирам криминал корупција | Подигање на свеста за важноста при постапување во предмети каде се сторени повреди на личните податоци и приватноста и од аспект на граѓанската и од аспект на кривичната материја<br>-продлабочување на знаењата за домашната и меѓународната правна рамка од аспект на заштитата на личните податоци и правото на приватност во дигиталниот простор и примена на овие знаења на практични примери и студии на случај<br>-продлабочување на знаењата во поглед на контролата која апелационите судови ја прават по завршувањето на постапката пред основните судови, пред се во примената на релевантната меѓународна правна рамка во предметите<br>-особен фокус на ЕКЧП и праксата на ЕСЧП во примена на тестот на пропорционалност кој произлегува при утврдување на тоа дали постои или не повреда на членот 8 од Конвенцијата | Крај на 2023/ почеток на 2024 година (а потоа на секои три години нова обука, по потреба односно во случај на зголемен број на предмети од овој аспект, наредната обука да се организира и порано) | Опција 1: домашен експерт со познавања од меѓународни стандарди и документи на тема заштита на лични податоци, но пред се познавања во областа на ЕКЧП и јуриспруденција на ЕСЧП (најмалку 10 години искуство со работа на овие теми) заедно со домашен експерт на темата заштита на лични податоци и/или компјутерски криминал (најмалку 10 години работно искуство); со тоа што би се дало предност на кандидати кои имаат учествувано во работни групи на темата, пишувано анализи или имаат учество во истражувања<br>- искуство во држење на обуки, со тоа што предност ќе имаат оние кандидати кои веќе имаат држено обуки на правосудни институции<br><br>Опција 2:<br>Странски експерт (на пример правник од ЕСЧП/експерт од Советот на Европа) кој има соодветно работно искуство на темата заштита на лични податоци | 2 дена напредна обука (дел од континуираната обука која се спроведува од АСЈО) со фокус на следните модули:<br>- домашна правна рамка на тема заштита на лични податоци<br>- меѓународна правна рамка со најголем фокус на член 8 од ЕКЧП, Конвенција 108+ на Советот на Европа и ГДПР<br>- јуриспруденција на ЕСП<br>- јуриспруденција на ЕСЧП со фокус на предмети каде е најдена повреда на членот 8 од аспект на заштитата на лични податоци и правото н приватност во дигиталниот простор<br>- Механизми за користење меѓународна правна помош и механизми за користење меѓународни мрежи за судска и обвинителска соработка<br>- надомест на штета<br>- пожелно, да се опфати сесијата за предизвиците кои ги носи модерното време, вештачката интелегенција и алгоритми, и преносот на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | податоци и средства преку интернет |
| **3** | Заштита на личните податоци и правото на приватност - од аспект на управното право | Судии од Управен и Виш Управен суд | 10 од Управен суд и 5 од Виш Управен суд | -подигање на свеста за важноста на темата и постапувањето во управните спорови по завршување на постапката пред АЗЛП<br>-продлабочување на знаењата од асект на домашната правна и меѓународна рамка за заштита на личните податоци и правото на приватност во дигиталниот простор и улогата на управните судови при заштитата на овие права | 2024<br>(а потоа на секои три години нова обука, по потреба односно во случај на зголемен број на предмети од овој аспект, наредната обука да се организира и порано) | | 1 ден обука (дел од континуираната обука која се спроведува од АСЈО) со фокус на домашна правна и институционална рамка со фокус на управна материја, постапување по предмети на АЗЛП, меѓународна правна рамка со фокус на ЕКЧП и јуриспруденцијата на ЕСЧП, и примена на тестот на пропорционалност уреден со член 8 од ЕКЧП |
| **4** | Заштита на личните податоци и правото на приватност | Слушатели на почетна обука на АСЈО | Сите слушатели | -подигање на свеста за важноста на темата и предизвиците кои модерното време ги носи при заштита на лчните податоци и правото на приватност<br>-запознавање со домашната и меѓународната правна рамка и институционалната рамка за заштита на личните податоци и правото на приватност<br>примена на теоретскиот дел (правна и институционална рамка) од обуката на практични примери и студии на случај | Во 2024 за осмата генерација а потоа за секоја наредна генерација нова обука | | 1 ден обука (дел од основната обука која се спроведува од АСЈО) со фокус на домашна и меѓународна правна рамка во делот на заштита на лични податоци<br>- институционална рамка од аспект на заштитата на личните податоци<br>- основни познавања на јуриспруденцијата на ЕСЧП и ЕСП преку разработка на студии на случај |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5** | Заштита на личните податоци и правото на приватност – технички аспекти | Сектор за дигитална форензика и компјутерск и криминал при МВР; Сектори за внатрешни работи (СВР) | 20 вработени од Секторот за диг. форензика и компј. криминал и 15 вработени од локалните СВР-а | -подигање на свеста за улогата на овој Сектор при постапување во предмети каде има наводи за повреда на личните податоци и правото на приватност и соработката со судовите и јавните обвинителства<br>-продлабочување на знаењата за правната и институционалната рамка во поглед на заштитата на личните податоци и правото на приватност<br>продлабочување на знаењата во поглед на новите технологии и нивното влијание при заштитата на личните податоци и правото на приватност | 2024<br>(а потоа на секои четири години) | Домашен експерт со познавања од темата на заштита на лични податоци и/или компјутерски криминал (најмалку 5 години работно искуство на оваа тема), со тоа што предност ќе имаат кандидати кои веќе работеле на темата во рамки на МВР, АЗЛП или други релевантни институции | 1 ден обука на тема заштита на лични податоци со фокус на домашна правна рамка на темата, технички аспекти и обезбедување на докази, и Механизми за користење меѓународна правна помош и механизми за користење меѓународни мрежи за судска и обвинителска соработка<br>- дополнително, да се опфати сесијата за предизвиците кои ги носи модерното време, вештачката интелегенција и алгоритми, и преносот на податоци и средства преку интернет<br>НАПОМЕНА: вработените од овој Сектор може (во зависност од условите) да учествуваат и на обуката наменета за втората целна група од овој акциски план) |

# ИЗВОРИ

## *Општи*


1. Устав на РСМ
2. Закон за заштита на лични податоци
3. Закон за Академијата за судии и јавни обвинители
4. Европска конвенција за човекови права
5. Конвенција 108+
6. Европската повелба за човекови права (European Charter of Fundamental Rights)
7. Општата регулатива за заштита на податоци (GDPR)
8. Директива (ЕУ) 2016/680
9. Водич за судската пракса на ЕСЧП за член 8 од ЕКЧП
10. Водич за судската праса на ЕСЧП во врска со заштита на лични податоци


## *Документи на АСЈО*


11. Статут на АСЈО
12. Годишните програми за работа на АСЈО од 2007 година до 2023 година
13. Годишни извештаи за работа на АСЈО од 2006 година до 2022 година
14. Програма за почетна обука во АСЈО " Павел Шатев", Теоретска настава 2022/2023 година
15. Специјализирана програма за доброволна континуирана обука 2022
16. Специјализирана програма за доброволна континуирана обука 2023
17. Специјализирана програма за обука на судии и поротници
18. Општа програма за континуирана обука за судиите и јавните обвинители 2023-2024
19. Општа програма за континуирана обука за судиите и јавните обвинители 2021-2022
20. Каталог на обуки во рамките на задолжителната континуирана обука за стручно усовршување на судиите и јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства и за стручните служби во судството и јавното обвинителство 2023 година


## *Веб страни*


1. Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев https://jpacademy.gov.mk/https://jpacademy.gov.mk/
2. Агенција за заштита на личните податоци https://azlp.mk/
3. База на закони, подзаконски акти и други прописи https://ldbis.pravda.gov.mk/
4. Судски портал на РСМ - http://www.vsrm.mk/wps/portal/central/sud/!ut/p/z1/04_Sj9CPykssy0xPLMnMz0vMAfIjo8zizdxNTAwsvA183ANCzQ0cfV0MPEIsvYzczc30wwkpiAJKG-AAjgZA_VGElHjpR6Xn5CdBXOOYl2Rska4fVZSallqUWqRXWgQUzigpKSi2UjVQNS

gvL9dLz89Pz0nVS87PVTXApiUjv7hEPwJVpX5BboSBblRSZbmjoiIAGCyrrw!!/dz/d5/L2dBISEvZ0FBIS9nQSEh/
5. Јавно обвинителство на РСМ https://jorm.gov.mk/
6. Министерство за внатрешни работи на РСМ https://mvr.gov.mk/default
7. HELP – Council of Europe https://help.elearning.ext.coe.int/
8. European Court of Human Rights - https://www.echr.coe.int/
9. Council od Europe https://www.coe.int/en/web/portal
10. DCAF https://www.dcaf.ch/
11. EJTN https://ejtn.eu/
12. TAIEX - https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/funding-and-technical-assistance/taiex_en